**Барање 23-2638/1**

1. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна,финансиска и логистичка поддршка на Локалниот младински совет во општината во 2022 година? (да се наведат поединечни износи)
2. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна,финансиска и логистичка поддршка за потребите на Локалното собрание на млади во 2022 година? (да се наведат поединечните износи)
3. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за донесување и усвојување на локалната стратегија за млади во 2022 година? (да се наведат поединечните износи)
4. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за реализација на активностите предвидени во локалната стратегија за млади во 2022 година? (да се наведат поединечните износи)
5. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на Канцеларија за млади во 2022 година? (да се наведат поединечни износи)
6. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на Младинскиот центар во 2022 година? (да се наведат поединечните износи)
7. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на Службеникот за млади во 2022 година? (да се наведат поединечните износи)

**Одговор 23-2638/2**

1/2. Во врска со Локален младински совет, во 2022 година Општина Кавадарци распиша Јавен повик за членови на Иницијативен одбор за организација и одржување на Локален Младински Совет на Општина Кавадарци и по истиот Советот на Општина Кавадарци ги именува членовите на Иницијативниот одбор. Во тек е постапка за конституирање на Локално собрание на млади на град Кавадарци, а по него ќе се распише Јавен повик за формирање на Локален Младински Совет на Општина Кавадарци.

3/4. Локална стратегија сеуште нема, но се планира во нареден период да се донесе.

5. Општина Кавадарци нема именувано Канцеларија за млади, но за било какви прашања околу младите, странките може да се обратат во административните простории на општината кај службеникот за млади.

6.Општина Кавадарци има склучено договор со Здружението на млади КРЕАКТИВ Скопје, за раководење и управување со Младински центар Кавадарци. Согласно склучениот договор бр.14-1404/5 од 18.02.2022 година, за 2022 година вредноста на договорот изнесува 600.000,00 денари, согласно предвидените финансиски средства во годишната програма за работа на Младински Центар за 2022 година.Овие финансиски средства Младински центар ги користи соодветно согласно годишната програма. Во прилог – предлог програма на Младински Центар Кавадарци за 2022 година.
7.Општина Кавадарци има именувано службеник за млади , а истиот е вработено лице во општината.